Бр.08-4611/1 од 13-05- 2026 година

Врз основа на член 1 и 4 од Одлуката за формирање на постојано работно тело Локален совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода Бр.09-1610/7 од 26.02.2026 година онесена од Советот на Општина Кисела Вода, Градоначалникот на Општина Кисела Вода - Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за пријавување на кандидати за членови во Локален совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода

## 1. Предмет на јавниот повик

Предмет на овој повик е пријавување на кандидати за членови во Локален совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода, од бизнис заедницата да се пријават за учество како членови во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода за обезбедување на нивен придонес во креирањето и унапредувањето на локалните политики.

## 2. Цел на Локалниот совет

Цел на Локалниот совет е формирање на функционална платформа за структурирана соработка помеѓу општината и бизнис секторот, со цел унапредување на локалниот економски развој, инвестициската клима и претприемништвото.

Локалниот совет има за цел:

- давање стручни мислења и препораки;
- иницирање развојни мерки и политики;
- учество во подготовка и реализација на проекти;
- зајакнување на јавно-приватен дијалог;
- давање предлози и мислења;
- покренување иницијативи;
- унапредување на соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор.

## 3. Области на делување

Локалниот совет ќе делува во следните области:

- локален економски развој и претприемништво;

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

- урбанистичко и просторно планирање;
- заштита на животната средина;
- комунални дејности;
- култура, спорт и рекреација;
- социјална заштита и општествен развој.

**4. Состав и мандат**

- Советот ќе брои најмногу 15 постојани членови;
- Членовите се избираат со мандат од 4 години, со можност за повторен избор;
- Работата е на волонтерска основа, без надоместок.

**5. Кој може да аплицира**

Право на пријава имаат:

- претставници на компании (мали, средни и големи претпријатија) регистрирани на територија на Општина Кисела Вода или нивни подружници;
- претставници на занаетчии и самостојни вршители на дејност регистрирани на територија на Општина Кисела Вода или нивни подружници;
- претставници од бизнис асоцијации и комори регистрирани на територија на Општина Кисела Вода или нивни подружници;
- Start up компании регистрирани на територија на Општина Кисела Вода или нивни подружници;
- експерти и лица со релевантно искуство од областа на наука, образование, здравство, спорт, економијата, финансиите, право и сродни области со живеалиште во Општина Кисела Вода.

**6. Начин на пријавување**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

- За правни лица:

- Изјава за учество во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода на волонтерска основа;
- Тековна состојба на економскиот субјект регистриран на територија на Општина Кисела Вода (или подружница регистриран на територија на Општина Кисела Вода);
- CV;
- Општи информации за компанијата;
- Опис на областа за која се заинтересирани да делуваат во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода.
-

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

- За физички лица:
  - Изјава за учество во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода на волонтерска основа;
  - CV;
  - Опис на областа за која се заинтересирани да делуваат во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода.

**7. Рок за пријавување**

Рокот за поднесување на пријавите е 15 дена од денот на објавување на овој јавен повик.

Пријавите се доставуваат во затворен коверт преку архива на Општина Кисела Вода - Скопје, со назнака „ За избор на членови во Локалниот совет на бизнис заедницата при Општина Кисела Вода " преку архивата на Општина Кисела Вода .

**8. Избор на членови**

Градоначалникот на Општина Кисела Вода формира Комисија за спроведување на Јавниот повик (во понатамошниот текст Комисија).
Комисијата е задолжена да ги разгледа поднесените барања и да му предложи на Градоначалникот на Општина Кисела Вода, предлог листа на субјекти кои ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Потврдувањето на избраните членови ќе го изврши Советот на Општина Кисела Вода, врз основа на доставен предлог од Комисијата.

**Општина Кисела Вода ги повикува сите релевантни претставници од бизнис заедницата активно да се вклучат во процесот на креирање конкурентна и одржлива локална економија.**

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бети Стаменкоска Трајкоска

-----------------------------------------------